Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 05-12-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6196 | 1 | |

12:30

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-6180/1 од 02.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-6180/1 од 02.12.2016 година, емитуван на 30 ноември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик („За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно 18 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за политичките партии на власт можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во опозиција кои се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група можат да одвојат една минута, а за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат една минута").

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-6180/1 од 02.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-6180/1 од 02.12.2016 година, емитуван на 30 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-6180/1 од 02.12.2016 година, Привремената комисија констатираше дека Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 30 ноември 2016 година, на државно ниво, спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, во еден реален час емитувана програма, емитуваше повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за политичките партии на власт. Имено, во реалниот час од 00:00 до 01:00, за учесник во изборната кампања од политичките партии на власт, наместо најмногу 8 минути, емитуваше 8 минути и 31 секунда. Во реалниот час од 15:00 до 16:00, за учесник во изборната кампања од политичките партии на власт, наместо најмногу 8 минути,

емитуваше 8 минути и 30 секунди. Во реалниот час од 19:00 до 20:00, за учесник во изборната кампања од политичките партии на власт, наместо најмногу 8 минути, емитуваше 8 минути и 27 секунди. Во реалниот час од 20:00 до 21:00, за учесник во изборната кампања од политичките партии на власт, наместо најмногу 8 минути, емитуваше 8 минути и 17 секунди.

Прекршокот е констатиран и е специфициран (по опис на констатации од надзорот, датум на прекршок, период на емитување на рекламирањето, вкупно времетраење и нарачател) во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-6180/1 од 02.12.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот“.

Врз основа на предходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат, Привремената комисија за следење на медиумското претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ________________
2. Слаѓана Димишкова ________________
3. Љубомир Костовски ________________
4. Горан Трпеноски ________________
5. Цветин Чилиманов ________________